Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 63, 1 јули 2011 година

јули 2011 година
Штип

## СОДРЖИНА

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле психијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област кинезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област физиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за наставник во насловно звање доцент за наставно-научното поле клинички медицински науки, интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент за научната област германистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област историја на општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 38

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно - научната уметничка област кларинет на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 55

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област традиционални инструменти на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 66

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент во научната област меѓународно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 70

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник асистент за научната област право на Европска унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 73

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област педагогија и образование на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 80

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната уметничка област виолончело на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 86

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 91

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Граматика на германскиот јазик – морфологија” од авторите доц. д-р Билјана Ивановска и доц д-р Нина Даскаловска од Филолошки факултет при Универзитет„Гоце Делчев“ - Штип ........ 97

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудовите „Скрипта за вежби по предметот Социологија на правото“ и „Практикум за вежби по предметот Социологија на правото“ од д-р Страшко Стојановски при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 98

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за интерна скрипта по предметот Заштита на животната средина од енергетски постројки од авторите д-р Златко В. Совревски од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев”- Штип и д-р Антон Чаушевски од феит при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје ........ 101

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по предметот Бањски туризам“ од доц. д-р Нако Ташков и м-р Дејан Методијески ........ 103

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1602-51/10 од 7 април 2011 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 6 април 2011 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во звање ***помлад асистент*** за наставно-научната област ***меѓународно право*** на Правниот факултетот при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник” и „Лајм”, на 18 март 2011 година и во предвидениот рок се пријавија кандидатките м-р Весна Трајановска и Анета Стојановска.

По извршениот увид на пристигнатите пријави на гореспоменатиот Конкурс, Комисијата до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Според елементарните податоци за пријавените кандидатки, а имајќи го предвид член 130 од Законот за високото образование, може да се констатира дека кандидатката Весна Трајановска не ги исполнува законски пропишаните услови за избор во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област *меѓународно право* (кандидатката може да ја покрива само областа кривично право). Според тоа, кандидатката Весна Трајановска нема да биде евалуирана.

Кандидатката Анета Стојановска ги исполнува условите за избор во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област меѓународно право врз основа на податоците од пристигнатата пријава.

Во продолжение на овој Извештај ќе биде евалуирана само кандидатката Анета Стојановска.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Анета Стојановска** е родена на 28 јануари 1982 година во Штип, Република Македонија. Основното и средното образование (гимназија) завршува во Штип.

Високо образование завршува на Правен факултет „Јустинијан Први” - Политички науки, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, со просечна оценка 9,32 и во ноември 2007 година се здобива со титула **дипломиран политиколог.**

Кандидатката Анета Стојановска е постдипломец, запишана на постдипломски студии по меѓународно право и меѓународна политика на Правниот факултет „Јустинијан Први” при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” – Скопје.

Кандидатката Анета Стојановска е државјанин на Република Македонија со уредно доставено уверение за државјанство.

Кандидатката ги владее англискиот јазик (напреден) и германскиот јазик (почетен), како и компјутерските програми: Word, Excel, PowerPoint, Internet, Corel Draw, Интенет.

Во текот на основното, средното и високото образование како талентиран ученик и студент користи стипендии.

***Работно искуство***

Кандидатката Анета Стојановска започнува со работни активности во Радио Штип во 1995 година и подоцна работи на повеќе работни места во различни органи, организации и институции.

***Наставно-образовна дејност***

Од 2007 година со Одлука на Матичната комисија е избрана за помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

***Награди и пофалби***

Кандидатката Анета Стојановска е добитник на повеќе литературни награди од областа на литературното творештво.

***Членство и позиции во невладини организации***

Канадидатката Анета Стојановска е член на повеќе невладини организации, одбори, сојузи, совети и други органи.

***Учество на семинари, конференции, тренинзи и работилници***

Кандидатката Анета Стојановска учествува на бројни семинари, конференции, тренинзи и работилници во земјава и во странство и во исто време е активен учесник во повеќе проекти во различни проектни циклуси.

***Научноистражувачка дејност***

Во досегашната научноистражувачка работа, кандидатката Анета Стојановска објавува неколку пишани, научни и стручни трудови. Исто така, има објавено и написи, трудови во списанијата „Став“, „Студентски збор“, „Политичка мисла“ и Зборник на трудови на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

***Објавени написи и трудови:***

- „Духовна чистота во нашите глави“, рубрика „Од мојот агол“, списание „Став“, март 2001;
- „Катадневни студентски проблеми“, списание „Студентски збор“, 11 април 2001;
- „Пејзаж од темни бои“, рубрика „Од мојот агол“, списание „Став“ , мај 2001;
- „Политичка (анти) култура“, рубрика „Од мојот агол“, списание „Став“, декември 2001;
- „Проектот наречен Европа“ рубрика „Од мојот агол“, списание „Став“, март 2002;
- „По изборот на папата Бенедикт XVI, католицизмот свртен кон вистинските вредности на христијанството“, „Политичка мисла“, јуни 2005;
- „Движењето *Солидарност*, како одраз на желбите на народите од Југоисточна Европа за Обединета Европа“, „Политичка мисла“, септември 2005.
- Стручен труд „Процесот и методите на признавање на државите“ од стр. 259 до 268, Зборник на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 2010 година.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на доставената документација, биографските податоци на кандидатката, оценката за научните, стручните, педагошките и другите остварувања што се од важност за утврдување на условите за избор во соодветното звање, податоци за објавените стручни и научни трудови, Комисијата заклучи дека кандидатката Анета Стојановска ги исполнува законските критериуми за избор во звање помлад асистент за наставно-научната област *меѓународно право* на Правент факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Рецензентската комисија му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" кандидатката Анета Стојановска да се избере во звање помлад асистент, за наставно-научната област *меѓународно право* на Правниот факултетот при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Љупчо Сотироски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Стеван Алексоски, член, с.р.**
**Доц. д-р Војо Беловски, член, с.р.**